Врз основа на Член 51 од Статутот на Федерацијата на планинарски спортови во Македонија, на ден 4 јули 2014 година Претседателството на Федерацијата на планинарски спортови на Македонија усвои

# ПРАВИЛНИК за признанија на планинарските водичи при Федерацијата на планинарски спортови во Македонија

## I. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Комисијата за планинарски водичи при Федерацијата на планинарски спортови во Македонија (КПВ) во овој Правилник ги уредува признанијата на КПВ, мерките за доделување на признанија, постапката, органите одговорни за доделување на признанијата, како и евиденцијата на доделените признанија.

### Член 2

Признанијата им се доделуваат на поединци, организации или институции кои со својата работа придонеле во развојот и угледот на доброволното водење во рамките на Федерацијата на планинарски спортови во Македонија (ФПСМ).

### Член 3

Признанијата се доделуваат постепено, што значи дека услов за доделување на признанија од повисок ранг е поединецот веќе да добил признание од понизок ранг (Благодарницата не е услов за доделување на признание од повисок ранг).

## II. ВИДОВИ ПРИЗНАНИЈА

### Член 4

Признанијата на КПВ се:

- Благодарница,
- Признание за 5 годишно делување како планинарски водич,
- Признание за 10 годишно делување како планинарски водич,
- Признание за 20 годишно делување како планинарски водич,
- Заслужен планинарски водич на ФПСМ.

### Член 5

**Благодарницата** може да му се додели на поединец, планинарско друштво, секција во планинарско друштво, претпријатије или друга организација или институција, согласно Член 2 од овој Правилник, за еднократен и извонреден придонес во развојот на доброволното водење.

Благодарницата може повеќепати да им се додели на исти субјекти, но од последното доделување на истиот поединец, друштво, секција, претпријатие, организација или институција, мора да поминат најмалку 5 години. Благодарницата е печатен документ и се разликува од другите признанија.

### Член 6

**Признанието за 5 годишно делување како планинарски водич** им се доделува на регистрирани планинарски водичи на ФПСМ кои многу придонеле на подрачјето на доброволното водење. Наградениот планинарски водич мора да биде активен минимум 5 години од првата регистрација како планинарски водич во ФПСМ. Признанието на планинарскиот водич може да му/и се додели само еднаш.

### Член 7

**Признанието за 10 годишно делување како планинарски водич** им се доделува на регистрирани планинарски водичи на ФПСМ кои многу придонеле на подрачјето на доброволното водење. Наградениот планинарски водич мора да биде активен минимум 10 години од првата регистрација како планинарски водич во ФПСМ. Признанието на планинарскиот водич може да му/и се додели само еднаш.

### Член 8

**Признанието за 20 годишно делување како планинарски водич** им се доделува на регистрирани планинарски водичи на ФПСМ кои многу придонеле на подрачјето на доброволното водење. Наградениот планинарски водич мора да биде активен минимум 20 години од првата регистрација како планинарски водич во ФПСМ. Признанието на планинарскиот водич може да му/и се додели само еднаш.

### Член 9

Признанието **Заслужен планинарски водич на ФПСМ** се доделува на поединец кој дал многу голем придонес на подрачјето на доброволното водење. Наградениот планинарски водич мора да биде активен минимум 25 години од првата регистрација како планинарски водич во ФПСМ. Признанието на планинарскиот водич може да му/и се додели само еднаш.

### Член 10

Секое признание го содржи името и презимето на добитникот на признанието, типот на признанието, датум на доделување и името на органот што го доделува. На левата страна се потпишува Претседателот на КПВ, а на десната страна се потпишува Претседателот на ФПСМ.

## III. ПОСТАПКА НА ДОДЕЛУВАЊЕ

### Член 11

Предлог за доделување на признанија, кои ги доделува КПВ, може да поднесе секој член или орган на ФПСМ.
Предлогот мора да биде поднесен во пишана форма, и испратен од планинарското друштво до КПВ.

### Член 12

Предлозите за признанија за Заслужен планинарски водич на ФПСМ ги поднесува КПВ до Претседателството на ФПСМ.

### Член 13

Признанијата за планинарските водичи се доделуваат врз основа на објавен Повик за поднесување на

предлози за признанија од страна на КПВ. Во поканата се објавуваат:

- Критериумите за доделување на признанија, кои врз основа на овој Правилник, ги изработува избран Одбор;
- Податоци кои мора да ги има предлогот;
- Рок до кога мора да бидат испратени предлозите.

КПВ ги проучува добиените предлози на седница на КПВ. Ако одреден предлог не е втемелен, или не е во складот со овој Правилник, КПВ може да го врати на доработка до предлагачот. Листата за доделување признанија ја изработува КПВ.

**Член 14**

Евиденцијата за доделените признанија на КПВ ги води стручната служба на ФПСМ.

**Член 15**

Средствата за признанијата на КПВ и нивното доделување мора да бидат дел од годишниот финансиски план на КПВ.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Ако добитникот го изгуби или уништи признанието, и тоа го докаже, може да добие дупликат на признанието без подмирување на трошоците за неговото повторно издавање.

**Член 17**

Признанието кое поради објективни услови не му е врачено на добитникот, се враќа во КПВ со образложение зошто истото не е доделено.

**Член 18**

Пишаните жалби на доделувањето на признанијата ги обработува КПВ.

**Член 19**

Ако поединец го одбие признанието, за истото признание не може повторно да биде предложен.

**Член 20**

Овој Правилник почнува да важи после објавувањето од страна на ФПСМ.

**Претседател**

Проф. Др. Јовица Угриновски